Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
Факултет за туризам и угостителство-Охрид
Примено: 02-09-2019
01 473/1
04-07-2019
Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола
Примено: 30.08.2019
08-1078/16

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 211 ставови 1 и 3 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент во услужен сектор на Факултет за туризам и угостителство во Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент во услужен сектор на Факултет за туризам и угостителство во Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

Архивски знак: 0101
Рок на чување: трајно
20__ год. Потпис,

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола се обрати со барање бр. 08-654/2 од 06.05.2019 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-970 од 08.05.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент во услужен сектор на Факултет за туризам и угостителство во Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски“ од Битола, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-56/21 од 15.04..2019 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-970 од 14.05.2019 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола
Факултет за туризам и угостителство-Охрид

| Примено | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

работа на студиската програма од трет циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 12.06.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-970 од 13.06.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент во услужен сектор на Факултет за туризам и угостителство во Охрид при Универзитет „Св. Климент Охридски" од Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR

Dr. Arbër Ademi

ДОСТАВЕНО И ДО:

- Архива

Подготвил: м-р Викторија Динковска
Контролирал: Снежана Лузевска
Одобрил: Dr. Agim Rushiti